Архивски број: 08-472/2
31-07-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–472/1 од 25.06.2024 година, поднесена од правното лице [redacted], го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-472/1 од 25.06.2024 година, поднесена од правното лице [redacted], застапувано од [redacted] **поради ненадлежност.**

## Образложение

На 25.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на правното лице [redacted], застапувано од [redacted], заведена под бр. 08-472/1.
Во претставката се наведува дека во врска со реализиран проект „Биди победник и изгледај како што посакуваш“, подносителот како правно лице поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој - ФИТР, по изготвен завршен извештај требало да му бидат рефундирани 5% од средствата. Подносителот наведува дека до тоа не дошло, бидејќи настанал спорен момент со толкување на членот 28 точка 3 согласно Правилникот и Договорот потпишан со фондот, кој се однесувал на дистинкција на средства кои се заштеда и средства кои се сметаат за пренамена , кој не смее да надмине 15%. Се истакнува дека ревизорската куќа [redacted] се оградила од решавање на спорниот момент бидејќи подносителот барал рефундирањето да биде согласно потпишаниот Договор и Правилник со ФИТР. На барањето за решавање на спорниот момент со ФИТР од 14.03.2024 година, не бил даден адекватен одговор согласно Правилникот за значењето и правилнона дисктинкција на средства кои се заштеда и оние кои се пренамена, иако барањето било доставено до сите постоечки видливи мејлови на официјалната страна на ФИТР. По извесно време и инволвирање на директорот на ФИТР, преку електронска пошта на подносителот му било доставено мислење кое не содржело прецизен одговор и во кое се истакнувало дека тие имаат своја клаузула во извештаите за изземање од одговорност во врска со точноста изнесени во наодите.
Подносителот наведува дека ја поднесува претставката откако разбрале дека можат да се обратат до Комисијата како институција, со цел да избегнат пролонгирање во судски постапки и недозволено однесување кое ги попречувало во комплетирање на проектот.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности, не индицираат настан на дискриминација, туку дека истите се однесуваат на правни односи помеѓу подносителот и друго лице, кои се регулираат меѓусебно и во други постапки, индикативно како спор во постапка пред надлежен суд. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на Комисијата